# УМЕТНИКОТ ПРЕД СУДБИНАТА НА XX ВЕК
## од збирките на музејот на современата уметност скопје

изложебни сали на мсу, скопје
10-24. 2 1989



25 години
МУЗЕЈ
НА СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

*Изложбата се организира по повод одбележувањето на 25 годишнината од основањето на Музејот на современат уметност — Скопје (1964—1989)*

*На 12 февруари во далечната 1964 година, со решение на Собранието на град Скопје беше основан Музејот на современата уметност. А неговие темели почнаа да се поставуваат уште во есента на 1963 година, веднаш после природната катастрофа во Скопје, кога уметниците од целиот свет ја изразуваа својата солидарност и за настраданиот град одделуваа творби што станаа дел од неговото уметничко богатство и се втемелија во најубавиот споменик на светската солидарност — Музејот на современата уметност. Одбележувајќи ја 25-годишнината од своето постоење, од богатите уметнички збирки одбравме 18 дела од исто толку автори, меѓу кои се наоѓаат и неколку уметници чие творештво е веќе станато дел на современата светска уметност.*

*Нашиов, драматичн, поделен, вознемирувачки, индустријализиран дваесетти век особено е предизвикувачки за уметникот. Голем број познати и помалку познати уметници, секој на свој индивидуален начин, се допираат повремено во своето творештво и до најгорливите проблеми на денешницава. Војните и инвазиите, бунтовите и револуциите, оттуѓеноста на човекот во цивилизираното општество, еколошките и социјалните проблеми, природните катаклизми, мошне често за уметникот на дваесеттиот век значеле своевиден предизвик да ги покренуваат, иницираат или да бараат одговор на егзистенцијалните и општествените трауми, навлегувајќи со своите дела во самата суштина на човековото постоење.*

*Ваков ангажиран пристап со протестен или социјално-критички однос на уметникот спрема појавите на денешницава, го срекаваме кај повеќе автори што се наоѓаат во нашите збирки: кај шпанскиот авангарден сликар Рафаел Каногар, кај кого во делото „Метеж“ основна тема е човекот, поставен во определен општествен контекст, човекот оттуѓен, угнетен и ограничен во своето дејствување; кај еден од најзначајните шпански уметници Маноло Миљарес, кој му припаѓа на специфичниот шпански „нов реализам“, и кој во своето тродимензионално дело „Раненик на мирот“, прави деструкција на човечкото тело, алудирајќи на горливите социјални проблеми; кај Крсто Хегедушиќ, кај кого во сликата „Трите од Хамбург“ социјалната нота е мошне нагласена и кој длабоко навлегува во новата тематика на урбаниот простор со сите негови апсурди и спротивности; кај Владимир Величковиќ, кој во своето монументално платно „Бесилка бр. 6“, го сместува човекот во определени рамки, растргнат од егзистенцијалните проблеми, секогаш во движење и паѓање; кај грчкиот сликар Јанис Гаитис, заинтересиран за животната проблематика на современиот човек, оттуѓен и обезличен во градскиот метеж; во сликата „Агресија“ на чешкиот уметник Франта, настаната под импресија од воената интервенција во неговата земја во 1968 година, изразена со една симболична морничава експресија; кај неговиот сонародник Јозеф Јанкович, кој во делото „Последна вечера“ со морбидни органски асоцијации предава една драматична содржина; кај францускиот сликар Едуард Пињон, кој во својата експресионистичко-асоцијативна композиција „Битка“ е исто така заинтересиран за егзистенцијални и актуелни содржини; кај шпанскиот уметник Хуан Рабаскал, чија импресивна „Црна рака“ пренесува значајни општествено-политички пораки. Миќа Поповиќ, во својата длабоко хуманистичка слика „Втора класа“ навлегува во социјалната драма на современите печалбари — гаст-арбајтерите. Мариј Прегељ во делото „Бараки“ изградува специфичен вид на визионерска фантастика, драматична и ангажирана, исполнета со сеќавање за страданијата во концентрационите логори во последната светска војна. До истиот проблем се допира и Томо Шијак преку една специфична „македонска“ варијанта на поп-артот во делото „Човекот некогаш број“. Петар Мазев во „Окупаторот помина“ и Глигор Чемерски во „Апологијата на војничката љубов“ со експресионистичко асоцијативен потег, како и скулптурот Васил Василев во делото „Повик“ се допираат до драматичните мигови од нашата поблиска историја поврзана со Револуцијата.*

*Спасе Куноски во „Археологијата на една катастрофа“ и Милиќ Станковиќ во „Трагичниот ден“ со симболично-надреалистички конотации пренесуваат возбудливи сеќавања за скопската катаклизма во 1963 година. И полската скулпторка Марија Малишевска со јазикот на симболиката ја искажува својата визија за настраданиот град.*

*Сите овие дела остануваат во нашиот град како трајни сведоштва со високи ликовно-естетски квалитети за односот на уметникот пред судбината на дваесеттиот век.*

*Љ. Дамјановска*

*КАТАЛОГ*
*Сликарство*

*Владимир ВЕЛИЧКОВИЌ (1935) — Југославија*
1. *БЕСИЛКА БР. 6, 1970/71*
   *масло на платно, 300 x 200*

*Рафаел КАНОГАР (1934) — Шпанија*
2. *МЕТЕЖ, 1966*
   *масло на платно, 197 x 150*

*Спасе КУНОВСКИ (1929—1978) — Југославија*
3. *АРХЕОЛОГИЈА НА ЕДНА КАТАСТРОФА, 1965*
   *масло на платно, 113 x 147*

*Петар МАЗЕВ (1927) — Југославија*
4. *ОКУПАТОРОТ ПОМИНА, 1968*
   *масло на платно, 132 x 166*

*Маноло МИЛЈАРЕС (1926—1972) — Шпанија*
5. *РАНЕНИК НА МИРОТ, 1964/65*
   *комбинирана техника на платно, 101 x 82*

*Едуард ПИЊОН (1905) — Франција*
6. *БОРБА, 1963*
   *масло на платно, 73 x 101*

*Миќа ПОПОВИЌ (1923) — Југославија*
7. *ВТОРА КЛАСА, 1977*
   *акрилик на платно, 200 x 170*

*Мариј ПРЕГЕЉ (1913—1967) — Југославија*
8. *БАРАКИ, 1965*
   *мешана техника, 162 x 130*

*Милиќ СТАНКОВИЌ (1934) — Југославија*
9. *ТРАГИЧЕН ДЕН, 1963*
   *масло на платно, 39 x 92*

*ФРАНТА (1930) — Чехословачка*
10. *АГРЕСИЈА, 1969*
    *масло на платно, 162 x 130*

*Крсто ХЕГЕДУШИЌ (1901—1975) — Југославија*
11. *ТРИТЕ ОД ХАМБУРГ, 1968*
    *темпера, масло и колаж на платно, 130 x 120*

*Глигор ЧЕМЕРСКИ (1940) — Југославија*
12. *АПОЛОГИЈА НА ВОЈНИЧКАТА ЉУБОВ, 1971*
    *масло и акрилик на платно, 180x700*

*Томо ШИЈАК (1930) — Југославија*
13. *ЧОВЕКОТ НЕКОГАШ БРОЈ 157, 1965*
    *комбинирана техника на даска, 160x100x2*

*Скулптура, објект*

*Васил ВАСИЛЕВ (1938) — Југославија*
1. *ПОВИК, 1969*
   *дрво, 150 x 50 x 50*

*Јанис ГАИТИС (1923—1984) — Грција*
2. *ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ, 1960*
   *комбинирана техника, 180 x 120 x 25*

*Јозеф ЈАНКОВИЧ (1937) — Чехословачка*
3. *ПОСЛЕДНА ВЕЧЕРА, 1966*
   *комбинирана техника, 94 x 82 x 70*

*Марија МАЛИШЕВСКА — Полска*
4. *СТУДИЈА ЗА ТРАГЕДИЈАТА НА СКОПЈЕ, 1964*
   *цемент, 100 x 60 x 50*

*Хуан РАБАСКАЛ (1935) — Шпанија*
5. *ВО ЧЕСТ НА ЦРНАТА СИЛА, 1969/70*
   *објект, 210 x 97 x 15*

*на корицата: Бесилка бр. 6*
*Владимир Величковиќ*

*издавач:*

*музеј на современата уметност — скопје*

*одговорен уредник:*
*слободанка парлиќ баришиќ*

концепција и поставка на изложбата:
*одделение за уметнички збирки и депоа*
*ликовно обликување на каталогот:*
*стефан георгиевски*

*печат:*
*графички завод „гоце делчев“ — скопје*
*тираж: 300*